24.10.2017г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Радио МОФ за текстот насловен „(Видео) Стевчо Јакимовски избркан од средбата со граѓани на Карпош 1“, објавен на интернет порталот „Центарњуз.нет“**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинари е прекршен во членот 1, 13 и 14.

***Член 1***

*„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13***

*„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

***Член 14***

*„Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти“.*

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2 1000 Скопје

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 4 октомври 2017 година, Радио МОФ поднесе жалба за текстот со наслов „(Видео) Стевчо Јакимовски избркан од средбата со граѓани на Карпош 1“, објавен на 28 септември 2017 година, на интернет порталот „Центарњуз“ (www.centarnews.net).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна и навреда.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „Центарњуз“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Од медиумот одговорија на наводите на жалителот.

Сметаат дека наводите на жалителот се целосно неосновани и дека текстот е во согласност со Кодексот на новинарите на Македонија и Декларацијата за принципи на однесувањето на новинарите.

*„Неточен е наводот за пристрасност во информирањето, дотолку што целиот текст, по сета содржина, пренесува одредена фактичка состојба, констатирана на лице место со непосредно забележување и се користени и извори на информации, во смисла на коментари од социјалните мрежи, а се однесуваат на предметниот настан, пренесен во новинарскиот текст“*, посочува „Центарњуз“ во одговорот на жалбата.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината на текстот е **ОСНОВАНА**.

На седницата на 19.10.2017 година, Комисијата ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во наведениот текст.

Комисијата утврди дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, во делот во кој се вели дека насловот или најавата на прилогот мора да одговара на неговата содржина. Меѓу другото, членовите на Комисијата констатираа дека приложеното видео, кое треба да ја потврди базичната информација, само по себе, не ги поткрепува тврдењата во текстот дека политичарот, кој е предмет во новинарскиот производ, бил избркан од група граѓани.

Во продолжение, Комисијата утврди дека авторот своите мислења ги прикрива како факти и со тоа го прекршил и членот 13 од Кодексот на новинарите, што особено е нагласено во реченицата:

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

***„Стевчо Јакимовски без никаков срам и никакво достинство се појави во Карпош 1, поточно во делот спроти Центарот за странски јазици каде граѓаните изминатите години поднесуваа поплаки за хаосот со околните кафеани, прегласната музика, сообраќаен метеж и слично“.***

Точно е дека новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегне дезинформирање и манипулации со публиката.

Понатаму, Комисијата најде дека во текстот е прекршен и членот 14 од Кодексот на новинарите, според кој, известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти. Партиската или идеолошката заднина на информацијата не смее да влијае на одлуката за нејзино објавување.

* * *

Членовите на Комисијата утврдија дека текстот произлегува од јавниот интерес и, како таков, работата на политичарите, во случајов, на доскорешниот градоначалник Стевчо Јакимовски претставува легитимна новинарска цел. Во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите усвоена од Советот на Европа на 12.02.2004 година, политичарите и јавните функционери прифатиле да бидат поставени под јавна критика за нивниот домен на работа. Новинарската слобода вклучува и искажување на гледишта до степен на претерување, дури и провокација, но во исто време, новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски и Беким Ајдини.

Се обврзува интернет порталот „Центарњуз“ (www.centarnews.net), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595